


Почитувани студенти,

На наше огромно задоволство сакаме да ве поканиме да присуствувате на презентацијата организирана од компанијата Џонсон Мети која ќе се одржи во рамките на Факултетот за информатички технологии и компјутерско инженерство.
Џонсон Мети е светски лидер во производство и развој на технологии за авто катализатори. Со користење на знаењето на вработените и иновациите се работи на креирање иновативни производи кои играат клучна улога во намалување на штетните гасови и подобрување на квалитетот на воздухот и животната средина.

Предавањето ќе се одржи во **четврток на 9ти мај, 2019 година** во амфитеатарот на факултетот со почеток од **10:30 часот**. Презентација на компанијата е предвидена да трае до 12 часот, период во кој ќе бидат опфатени следните теми:

1. Запознавање со компанијата и дејноста
2. Презентација на Wonderware

*Wonderware? – Лидерот на пазарот за софтвери за управување со операции во реално време. Wonderware софтверските решенија им овозможуваат на компаниите да ги синхронизираат производствените и индустриските операции со деловни цели, добивајќи брзина и флексибилност за постигнување одржлива профитабилност.*

3. Презентација на практикантска програма 2019 година
   - Организација на праксата и времетрање
   - Менторство – однос ментор/студент
   - Работа на проекти и задачи
   - Услови кои ги обезбедува компанијата за студентите
   - Услови и начин за пријавување

4. Сесија на прашања и одговори

Со задоволство ве очекуваме на настанот организиран од страна на нашите колеги во соработка со Факултетот за информатички технологии.

Со почит,

Тимот на Џонсон Мети